**Cineplexx Skopje City Mall**
Љубљанска 4, 1000 Скопје
www.cineplexx.mk

CINEPLEXX
НАШИОТ СВЕТ НА КИНОТО.
ОД 1967 ГОДИНА.

Соопштение за медиуми
Датум:31.08.2015

# 10 НАЈДОБРИ АНИМИРАНИ ФИЛМОВИ ПО СИМБОЛИЧНА ЦЕНА BACK TO SCHOOL АКЦИЈА ВО CINEPLEXX!

Киното Cineplexx за почеток на новата учебна година подготви одлична акција за сите деца и љубители на анимираните филмови.

Сите оние кои ги пропуштија анимирани хитови, ќе можат повторно да ги погледнат на големото платно. Во период од **01 септември до 15 септември**, на репертоарот на киното ќе се најдат детски филмови кои што беа актуелни изминативе години, и тоа по многу **поволна цена**.




За време на ревијата од филмови, децата ќе можат да уживаат во омилените цртани и 3D авантури кои што ќе се најдат на големото платно: „Пепелашка“, „Господарка на злото“, „Опаку наопаку“, „Ѕвончица и самовилата гусарка“, „Екипа за 6“, „Ѕвончица и чудовиштето од Недојдија“, „Мапетите во бегство“, „Авиони: Небесни пожарникари“, „Во шумата“ и „Утреземја: Светот потаму“.

Влезниците се веќе во продажба и можат да се купат на кино благајната. **Цената за 2D и 3D филмовите изнесува 100 денари.**